# И З В Е Ш Т А Ј

## за реализација на Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година

Советот на Општина Крива Паланка донесе Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година со бр. 09-3711/79 од 03.12.2021 година и Програма за изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2022 година со бр.09-4665/51 од 07.12.2022 година.

Општина Крива Паланка спроведе јавна набавка за заловување на бездомни кучиња и на истата по спроведената постапка за извршување на активностите опфатени со Програмата за третирање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022 година избрано е правното лице АД Ветеринарно – сточарски центар „ТОДОР ВЕЛКОВ“ Куманово (број на договор 19-896/7 од 22.03.2022 година и Анекс на договор бр. 19-896/8 од 12.12.2022 година) .

Програмата за решавање на проблемот од зголемено присуство на кучиња скитници ги предвидува следните активности:

- заловување на животните;
- нивен транспорт до стационар;
- прием и преглед од овластен ветеринар;
- лабараториско испитување на животните на одредени болети;
- идентификација и водење евиденција;
- овариохистеректомија и орхиектомија;
- постоперативно сместување, лекување и нега;
- вакцинација и дехелментација;
- веб сервис за објавување на заловените животни и поттикнување на вдомувањето
- повик кампања за домување;
- повторно враќање на животните на локацијата од каде биле заловени;
- еутаназија на многу болни и екстремно агресивни животни по средината.

Во 2022 година се спроведени 13 акции во градот и приградските населби на кои се заловени, прифатени и третирани 73 кучиња скитници, додека со програмата и измена на Програмата беа предвидени 120 кучиња скитници.

Од вкупно 73 кучиња, по третирањето:

- 53 кучиња скитници се вратени на местата на заловување и истите се чипирани и вакцинирани.
- 14 кучиња скитници се еутанизирани поради констатирана болест и агресија кај истите.
- 5 кучиња скитници се угинати при оперативни зафати.
- 1 куче скитник е вдомено.

За заловувањето и третирањето на кучињата скитници, Општина Крива Паланка на правното лице АД Ветеринарно – сточарски центар „ТОДОР ВЕЛКОВ“ Куманово во 2022 година му има исплатено **658.027,00 денари со ДДВ.** Во Програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2022година и Програма за изменување и дополнување на програмата за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на општина Крива Паланка за 2022 година беа предвидени вкупно 720.000 денари.

За извршените акции за заловувања на кучињата скитници се изготвени соодветни записници.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Одделение за урбанизам, сообраќај и
заштита на животната средина